# АЛАРМ 7

## ДАЛИ 45,5 МИЛИОНИ ЕВРА ЗА НОВИ ЗГРАДИ ЗА АДМИНИСТРАЦИЈАТА СЕ КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ КОИ НОСАТ РАЗВОЈ!?

Во 2014 година Владата ќе издвои **364,04 милиони евра за капитални расходи** што претставува 12% од вкупниот буџет. Структурата на капиталните расходи покажува дека **најголем дел (51%)** отпаѓа на расходи за **градежни работи** и тоа во износ од **186,31 милиони евра,** што во **споредба со 2006** (98,4 милиони евра) претставува **пораст за 90%. Службата за општи и заеднички работи** ќе потроши **30,3 милиони евра** за изградба и реконструкција на **административни згради**, **Министерството за финансии** ќе потроши **12,3 милиони евра** за својата зграда, а **Министерството за транспорт и врски** за надградба на управната зграда ќе потроши **2,9 милиони евра**. Наспроти цифрата од **45,5 милиони евра** кои ќе бидат потрошени за **нови згради за администрацијата**, Владата планира да потроши само **1,25 милиони евра** за изградба и реконструкција на **основни и средни училишта** и **скромни 1 милион евра** за реконструкција на **ученички и студентски домови**.

Втори по големина трошоци (**20% од вкупните капитални расходи)** се оние за купување **опрема, мебел и возила** и тоа во износ од **73,3 милиони евра** кои споредено со **2006 (37,64 милиони евра)** бележат **зголемување од 95%**. Од буџетот на **Министерството за транспорт и врски** ќе бидат потрошени **5,2 милиони евра** за набавка на **автобуси** за јавен градски превоз.

За **капитални субвенции до претпријатија и невладини организации** ќе бидат потрошени **50,33 милиони евра,** кои во споредба со **2006 година** (5,9 милиони евра) се **за 8,5 пати поголеми**. Од информациите презентирани во предлог-буџетот за 2014 **останува нејасно за кои претпријатија и за кои невладини организации** Владата планира да издвои **над 50 милиони евра** од народните пари.

## Капитални расходи




## Структура на капитални расходи




## Капитални расходи по институции




## Трошоци за мебел, опрема, возила и машини по институции




## Трошоци за градежни објекти по институции




FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

**СУМИТЕ ВО АЛАРМОТ СЕ ИЗРАЗЕНИ ВО МИЛИОНИ ЕВРА!**